Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр20-2484 /4

06.04.2020 година

**ДО:**

**Економски оператори ..........................................**

ПРЕДМЕТ: Покана за поднесување понуда за јавна набавка на ЗАШТИТНИ МЕДИЦИНСКИ ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СОСТОЈБАТА ЗА КОВИД-19

Почитувани,

**Министерство за здравство на РСМ - Скопје**, со адреса на "50-та Дивизија" бр.14 – Скопје, телефон за контакт ++389 2 311 2500, факс ++389 2 311 3014 електронска адреса tanja.pehcevska@zdravstvo.gov.mk, интернет адреса: www.moh.gov.mk, има потреба од ЗАШТИТНИ МЕДИЦИНСКИ ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СОСТОЈБАТА ЗА КОВИД-19 . За таа цел, Министерство за здравство на РСМ спроведува постапка со преговарање без објавување на оглас согласно со член 55 став 6 од Законот за јавните набавки. Ве молиме да ни доставите првична понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка во согласност со приложената техничка спецификација најдоцна 09/04/2020 година 14:00 часот на горната адреса, во архивата на Министерство за здравство на РСМ . Понудата да се достави на начин дефиниран во член 31, став 3 и 4 од Законот за јавните набавки.

Ве молиме при изготвување на Вашата понуда да ги користите оргиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација.

Молиме, во понудата да наведете и лице кое во име на понудувачот ќе учествува во преговорите за реализација на набавката (име и презиме, контакт телефон).

Однапред благодариме на соработката.

**Одговорно лице**
**Министер**
**Доц. Д-р Венко Филипче**


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500 www.zdravstvo.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

ПОСТАПКА СО ПРЕГОВАРАЊЕ БЕЗ ПРЕТХОДНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС
ЗА
НАБАВКА НА ЗАШТИТНИ МЕДИЦИНСКИ ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СОСТОЈБАТА ЗА КОВИД-19

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**Скопје, април 2020 година**


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

ПРИЛОГ 1

1. **Општи информации во врска со договорниот орган и предметот на набавка**

1.1. Договорен орган е Министерство за здравство на РСМ - Скопје, со адреса на "50-та Дивизија" бр.14 – Скопје, телефон за контакт ++389 2 311 2500, факс ++389 2 311 3014 електронска адреса tanja.pehcevska@zdravstvo.gov.mk, интернет адреса: www.moh.gov.mk контакт лице Тања Пехчевска .

1.2.Предмет на договорот за јавна набавка е ЗАШТИТНИ МЕДИЦИНСКИ ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СОСТОЈБАТА ЗА КОВИД-19

1.3 Предметот на договорот е делив на делови .

1.4 Договорниот орган ќе склучи договор за предметната набавка со носителот на набавката .

1.5. Техничка спецификација за

ЗАШТИТНИ МЕДИЦИНСКИ ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СОСТОЈБАТА ЗА КОВИД-19

| ДЕЛ | ОПИС НА БАРАНОТО | *Един мерка* | *количина* |
|---|---|---|---|
| ДЕЛ 1 | Маски FFP2 или N95 соодветно на стандард EN 149-2001 или повисок | парче | 12.000 |
| ДЕЛ 2 | Скафандери изработени од материјал кој регулира потење и имаантифунгален талк со капуљачи, со странично или задно закопчување или слично на бараното, соодветно на стандард EN 149-2001 „или еквивалент„ | парче | 20.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДЕЛ 3 | Хируршки маски за е.у. (најмалку двослојни со ластик или на врвка) | парче | 500.000 |
| ДЕЛ 4 | Маски со визир на врзување соодветно на стандард EN 149-2001 „или еквивалент„ | Парче | 5.000 |
| ДЕЛ 5 | Гумирани скафандери „или еквивалент„ | парче | 1.200 |

1.6. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас согласно со член 55 став 1 точка г од Законот за јавните набавки.

1.7. Оваа постапка се спроведува согласно со Законот за јавните набавки и донесените подзаконски акти.

## 2. Елементи на понуда

2.1. Понудата треба да е составена од следниве елементи:
- Образец на понуда (Прилог 2),
- Документ за регистрирана дејност,
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 3),
- **Решение** за промет на големо со медицински средства согласно Законот за лекови и медицински средства
- **Каталог** за понуденот со јасно одбележани делови кои ги нуди Економскиот оператор
- **Мостри** за секој дел поединечно

### 2.2Критериуми за утврдување на способност

2.2.1. Економскиот оператор треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

### 2.3. Начин на докажување на способноста на понудувачот

2.3.1 За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста

поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

2.4. Економскиот оператор треба да достави

- **Решение** за промет на големо со медицински средства согласно Законот за лекови и медицински средства
- **Каталог** за понуденот со јасно одбележани делови кои ги нуди Економскиот оператор
- **Мостри** за секој дел поединечно

## 3. Критериум за избор на најповолна понуда

Договорниот орган како критериум за избор на најповолна понуда ќе ја користи економски најповолната понуда врз основа на цената.

## 4. Начин и рок на плаќање, рок на испорака и важност на понуди

### 4.1 Начин на плаќање

Се предвидува следниов начин на плаќање:
Договорниот орган плаќањето ќе го изврши на следниов начин: 15 дена по испорака и дистрибуција на предметот на набавка, со доставување на фактура и испратница потпишана од страна на двете договорни страни.

.

### 4.2 Рок за испорака

Испораката ќе се врши на следниов начин:

Најдоцна 15 дена по склучување на договорот. Испораката треба да се изврши до Министерство за здравство на РСМ .

**Понудата која ќе биде со рок подолг од крајниот рок за испорака нема да биде предмет на понатамошна евалуација.**

### 4.3 Период на важност на понудата

Понудите треба да важат најмалку 30 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата со сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудата што важи за пократок период од предвидениот, договорниот орган ја отфрла како неприфатлива понуда. Доколку договорниот орган процени за потребно, може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

## 5. Начин на преговарање

5.1 Преговарањето ќе се изврши во 1 (еден ) круг. Најпрво ќе се отворат и истите ќе се евалуираат .

5.2 Во прввиот круг Комисијата ќе ги повика преговарачите редоследно кој прв поднел понуда доколку нивната понуда ги исполнува условите и се пристапува кон преговарање во врска со цената од предметот на набавка. Откако сите понудувачи во првиот круг ќе извршат преговарање, истото завршува. Со завршување на првиот круг од преговрањето завршува самото преговарање за поднесување на цени. За најповолен понудувач ќе биде избран оној понудувач кој дал најниска цена по завршување на преговарањето. За текот на преговарањето ќе биде изготвен Записник од самото преговарање кој се потпишува од страна на Комисијата за јавни набавки и овластените претставници.

**Избраниот најповолен понудувач има обврска не подолго од 1(еден) ден од завршното преговарање да достави конечна понуда согласно со цените утврдени од завршното преговарање.**

5.3 Преговарањето ќе започне на ден кој ќе го утврди Комисијата за јавни набавки, а по извршената евалуација на понудите. Секој Економски оператор ќе биде усно поканет за учество во преговорите.

## 6. Начин на доставување на понудата

Економскиот оператор понудата треба да ја достави согласно со член 31, став 3) и 4) од Законот за јавните набавки.

Економскиот оператор оригиналната понуда потпишана и заверена од одговорното лице на понудувачот и придружната документација ги приложува лично на адреса на договорниот орган, Министерство за здравство на РСМ - Скопје, со адреса на "50-та Дивизија" бр.14 - Скопје, преку овластен давател на поштенски услуги или преку друга соодветна курирска служба.

ПРИЛОГ 2

**Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на поканата за поднесување на понуди бр............... за доделување на договор за јавна набавка на ЗАШТИТНИ МЕДИЦИНСКИ ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СОСТОЈБАТА ЗА КОВИД-19, во постапка со преговарање без претходно објавување на оглас и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**Дел 1. Информации за понудувачот**

1.1.Име на понудувачот: ____________________________

1.2. Контакт информации:

- Адреса:____________________________
- Телефон:____________________________
- Факс:____________________________
- Е-пошта:____________________________
- Лицезаконтакт:____________________________

1.3. Одговорнолице:

____________________________

1.4. Даночenброј: ____________________________

**Дел 2. Финансиска понуда**

ЗАШТИТНИ МЕДИЦИНСКИ ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СОСТОЈБАТА ЗА КОВИД-19

| ДЕЛ | ОПИС НА БАРАНОТО | *Един мерка* | *количина* | *Единеч на Цена без ДДВ* | *ддв* | *Вкупно без ддв* |
|---|---|---|---|---|---|---|


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ 1 | Маски FFP3 или N95 соодветно на стандард EN 149-2001 „или еквивалент„ | парче | 12.000 | | | |
| ДЕЛ 2 | Скафандери изработени од материјал кој регулира потење и имаантифунгален талк со капуљачи, со странично или задно закопчување или слично на бараното, соодветно на стандард EN 149-2001 „или еквивалент„ | парче | 20.000 | | | |
| ДЕЛ 3 | Хируршки маски за е.у. (најмалку двослојни со ластик или на врвка) | парче | 500.000 | | | |
| ДЕЛ 4 | Маски со визир на врзување соодветно на стандард EN 149-2001 „или еквивалент„ | Парче | 5.000 | | | |
| ДЕЛ 5 | Гумирани скафандери „или еквивалент„ | парче | 1.200 | | | |

2.1Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:_______________*[со бројки]* (_______________________________________________)*[со букви]* денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува _______________денари.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

2.2 Ги прифаќаме начинот на плаќање и рокот на испоракаутврдени во тендерската документација.

## ДЕЛ 3 Техничка понуда

| ДЕЛ | ОПИС НА БАРАНОТО | *Опис на понуденото* | *Опис на пакување* | Производ ител | Земја на потекло |
|---|---|---|---|---|---|
| ДЕЛ 1 | Маски FFP3 или N95 соодветно на стандард EN 149-2001 „или еквивалент„ | | | | |
| ДЕЛ 2 | Скафандери изработени од материјал кој регулира потење и имаантифунгален талк со капуљачи, со странично или задно закопчување или слично на бараното, соодветно на стандард EN 149-2001 „или еквивалент„ | | | | |
| ДЕЛ 3 | Хируршки маски за е.у. (најмалку двослојни со ластик или на врвка) | | | | |
| ДЕЛ 4 | Маски со визир на врзување соодветно на стандард EN 149-2001 „или еквивалент„ | | | | |
| ДЕЛ 5 | Гумирани скафандери „или еквивалент„ | | | | |

Дел 4. Рок на важност напонудата:30 дена

На преговорите што ќе ги закаже договорниот орган, понудувачот ќе го претставува лицето: ________________________________________, тел______________________.

Дел 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

ПРИЛОГ: (Документите што се приложуваат кон понудата)

➢ Со финансиската понуда задолжително се доставуваат и:

- Документи за регистрирана дејност
- Изјава за сериозност на понудата
- **Решение** за промет на големо со медицински средства согласно Законот за лекови и медицински средства
- **Каталог** за понуденот со јасно одбележани делови кои ги нуди Економскиот оператор
- **Мостри** за секој дел поединечно


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

ПРИЛОГ 3
**- Изјава за сериозност на понудата**

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________ [име и презиме] врз основа на член 101 став 4 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот________________________________ ______________________________________ изјавувам дека нема да ги преземам дејствијата од став 6 на член 101 од Законот за јавните набавки во постапката која се спроведува по огласот за доделување на договор за јавна набавка број ________ за набавка на _______________ објавен од страна на ________________ и дека понудата е правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен со последиците од прекршување на оваа изјава, што ќе доведе до издавање на негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава согласно со член 101 став 7 од Законот за јавните набавки.

Место и датум — Одговорно лице*

_____________________ _____________________

(потпис)

*Изјавата се потпишува електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk